РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 08-103

Скопје 02.03.2021 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-103 од 19.02.2021 година и Предлогот Уп1 бр.08-103 од 26.02.2021 година од Директорот на Агенцијата, врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, бр.05-755/1 од 01.03.2021 година, а во врска со Одлуката на Влада на Република Северна Македонија бр.40-2664/1 од 24.02.2021 година (наш.арх.бр.03-691/1 од 25.02.2021 година) и Заклучокот, арх.бр.02-708/13 од 01.03.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 01.03.2021 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-103 од 19.02.2021 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) на 5-та седница одржана на 19.02.2021 г., со Заклучок, арх.бр.02-583/12 од 19.02.2021 г., го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-103 од 19.02.2021 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 г., поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот арх.бр.05-619/1 од 19.02.2021 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на АААВМУ.

Во врска со тоа, од страна на АААВМУ на 19.02.2021 г. до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-103

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

од 19.02.2021 г., со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на АААВМУ во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Во меѓувреме, Владата на Република Северна Македонија (РСМ) на својата 48-ма седница одржана на 24.02.2021 г., донесе Одлука за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 г. бр.40-2664/1 од 24.02.2021 г. (наш.арх.бр.03-691/1 од 25.02.2021 г.), со која се одобруваат средства во износ од 50.000.000,00 денари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19, а заради реализација на мерка три од петтиот пакет економски мерки, со која ќе се обезбедат средства за финансиска поддршка на радиодифузерите за надомест на средства платени по основ на такси, давачки и надоместоци за вршење радиодифузна дејност и кои се документирани во финансиската евиденција на АААВМУ, при што се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, средствата од оваа одлука да ги уплати на (наменска) сметка на АААВМУ. Во врска со погоренаведеното, а со цел да се уреди начинот на реализирање на погорецитираната Одлука на Владата на РСМ, Советот на АААВМУ на 7-та седница одржана на 01.03.2021 г. донесе Одлука за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година, бр.05-755/1 од 01.03.2021 година.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-103 од 19.02.2021 година и Предлогот Уп1 бр.08-103 од 26.02.2021 година од Директорот на Агенцијата, врз основа на Одлуката на Советот на Агенцијата за начинот на реализирање на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година, бр.05-755/1 од 01.03.2021 г., а имајќи ја во предвид Одлуката на Влада на РСМ бр.40-2664/1 од 24.02.2021 г. (наш.арх.бр.03-691/1 од 25.02.2021 г.) и Заклучокот, арх.бр.02-708/13 од 01.03.2021 г., Советот на АААВМУ, на 7-та седница одржана на 01.03.2021 г., одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани;
- Управителот на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.